**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

**Сектор за правни општи работи и јавни дејности**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА:

## ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КОНЧЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ВО 2022 ГОДИНА

Конче, Февруари, 2023 година

**Вовед**

Активностите на општина Конче беа насочени кон создавање на услови за квалитетна, брза и во законски рамки организирана противпожарна заштита на територијата на општината во 2022 година со цел реализирање на програмските определби:

- **Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;**
- **Обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;**
- **Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за противпожарната заштита.**

**2.Финасирање на програмата**

Финасиските средства потребни за реализација на Програмата во областа на противпожарната заштита се обезбедени од Буџетот на општина Конче во висина од 500.000,00 денари. Кои со Одлука на Совет на општина Конче бр.08-65/24 од 28.01.2022 година се одобрени на Доброволното против пожарно друштво ,,Горици Оператива'' Конче.

**Исплатени средства на ДПД,,Горици Оператива''-Конче:**

- **07.02.2022 година 100.000,00 денари,**
- **01.06.2022 година 200.000,00 денари**
- **07.12.2022 година 200.000,00 денари**

**Вкупно исплатени средства во висина: 500.000,00 денари.**

**3. Надзор над извршување на програмата**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот на општина Конче. Во соработка со општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Државниот инспектор за заштита од пожари,инспекторат за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органи и тела на Советот на Општина Конче ќе го следат спроведувањето на оваа програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренување на инијацитиви, давање на мислење и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Изготвил:
Дончо Тушев

Контролирал:
Тинка Ангелова

Број 01-230/1
Дата 07.02.2023
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов, с.р.